# Извештај за работата на

# ЈОУ Детска Градинка Олга Мицеска Кичево

# за учебната 2019/2020година

**Септември 2019-Август 2020**

**Кичево**

## 1.ВОВЕД

Извештајот за работа на ЈОУ-Детска градинка "Олга Мицеска" Кичево за учебната **2019/2020** година претставува документ во кој се опфатени сите активности предвидени со годишната програма и нивната реализација.

Како дел од единствениот воспитно-образовен систем, предучилишното воспитание и образовани е утврдено со Законот за заштита на децата, Законот за воспитание и образование на деца од предучилишна возраст кој е сложен комплексен процес.Тоа е период во кој се формираат основните квалитети на личноста од кој зависи натамошниот развој на идниот човек.

Преку извештајов во кратко ќе ги претставиме сите актоивности кои биле предвидени со годишната програма и реализирани. Тие активности се: опфатеност на децата, ангажираност на воспитно-згрижувачкиот персонал во остварување на основната дејност, материјално техничките услови, здравствената заштита, исхраната, хигиената, реализирање на воспитно-образовната програма, соработка со родителите, општествената соработка, јавна и културна дејност, соработка со стручните органи и слично.

## 2.ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА

Современите научни сознанија и достигнувања на психологијата и педагогијата, како и другите сродни научни дисциплини, укажуваат дека предучилишната возраст е период на интензивен развој на детето, тоа е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кој зависи натамошниот развој на идната личност.

Годишната програма е концептирана според Законот за заштита на децата, Законот за семејството, почитување на детските конвенции на детето,како и уставното право и обврска на установата да ја програмира својата работа, а тоа се чини дека е основа на програмирањето на работата, за постигнување на поквалитетни резултати во остварувањето на дејноста, како и наметнатата потреба од постојана преобразба на предучилишната организација, внесување и промени во планирањето и програмирањето на работата и остварување на згрижувачко-воспитно образовната програма.

Присутна беше потребата од мултиплицирање на формите и содржините кои значат опфатеност на младите поколенија во повеќе секвенци (целодневен престој во градинка, полудневен и слично според потребите и барањата на родителите);

Во процесот на организирање на воспитно-образовната и згрижувачката работа, поаѓавме од детето како личност која има свои способности, свое умеење, навики и ставови. Поаѓајќи од педагошко-психолошките сознанија за развојот на детето, се влијаеше на физичкиот, социјално емоционалниот и социјално интелектуалниот развој на детето.

Појдовните основи за организирање на дејноста произлегуваа и од целите и задачите на предучилишното воспитание и образование, кои цели и задачи беа предмет на реализација на програмата **2019/2020**година а тоа беа: да го одгледува, потикнува, насочува и облагородува сестраниот развој на детската личност во сообразност со психофизичките карактеристики и индивидуални можности на детето.

Практични цели и задачи опфатени со програмата беа предмет на реализација на тековната учебна година и се настојуваше кај малите деца да се обезбеди правилен:

**а) физички и сензомоторен развој на децата,**
**б) социјално-емоционален развој на децата и**
**в) сознајно-интелектуален развој на децата.**

**а) Физички и сензомоторен развој** кај децата да се развие и тоа:

-да се овозможи нормално растење и развивање на органите и нивната фунција,

-да го зајакне телесното здравје на детето и да го заштитува од заболувања и повреди,

-да го потикнува развојот на движечки способности и совладување на моториката.

-да го насочува целокупниот сензомоторен развој,

-да ги развива основните навики во одржување на телесната хигиена, земање на храната како и вршење на физиолошките потреби.

**б) Социјално-емоционален развој**:

-да се влијае кај детето постепено да се развива чувство за индивидуално однесување и потребата за контакти со други лица,

-да го подржуваат непосредното и искреното кај детето во контакт со светот,

-да се обезбедат услови за формирање на задоволно и среќно дете,

-да се придонесува за осамостојување на детето и неговата самодоверба,

-да го потикуваат детето кон индивидуални и заеднички доживувања и активности,

-да му помогнат на детето во усвојувањето на основни правила на однесување со врсниците и возрасните.

**в) Сознајно-интелектуален развој**:

-да ја потикнуваат и подржуваат природната љубопитност на детето кон светот што го опкружува,

-да ја негува осетливоста на детето за примање на впечатоци,

-да ја подржува говорната комуникација на детето и постепено да го потикнува и богати неговиот развој,

-да го насочуваат развојот на сензомоторните и перцептивните способности на детето,

-да го потикнуваат кон решавање на мали проблеми на сензомоторната интелегенција,

-да создаваат поволни услови за формирање поволни сознајни поими низ практичните активности на децата.

## 3.ОРГАНИЗАЦИЈА, ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

**а) Просторни услови**

Дејноста во Учебната 2019/2020 година се реализираше вочетирите објекти. Матичниот објект "Олга Мицеска" беше максимално искористен со полн капацитет додека клонот "Цветови" работеше со намален капацитет, објектот клон „Далендушет“ со полн капацитет и објектот во село Пласница само со една група.
Ситечетириобјектисе изградени со цврст материјал и истите одговараат на дејноста која се реализира согласно законските норми. Просториите се преградени со врати (хармоники) и се состојат од занимална каде се изведуваат активностите и спална наменета за дневен одмор.

**б) Дворната површина** на четирите објекти се доста функционални, разеленети и засадени со зелени дрвца. Дворната површина на матичниот објект изнесува 4.000 метри квадратни, површината на клонот "Цветови" изнесува 4.275 метри квадратни,површината на клонот "Далендушет" изнесува 2800 метри квадратниадодека површината на објектот во село Пласница е заенички со основното школо во с. Пласница.

Дворните зелени површини служат за прошетки на децата како и изведување на слободни игри и други активности.

**в) Детските катчиња** што се организирани во секој престој и истите се опремени со дидактички материјал и секое дете си го наоѓа своето место во тоа катче.

**г) Во врска состепенот на опременост** се располага со аудио визуелни средства и други материјални помагала како што се: визуелни, аудитивни,аудио визуелни, манипулативни како и средства за изразување.

Визуелните средства: тука спаѓаат сите средства што децата ги користат со помош на сетилото за вид. Основна функција на овие средства е во тоа што се користат за систематско набљудување и во рамките на насочените активности се овозможува децата да се стекнат со нови поими и се што ги опкружува.

Од групата на тродимензионални визуелни средства ги користевме: играчки, природни предмети, макети, сообраќајни средства, знаци, магнетни табли и др. додека во групата дводимензионални визуелни средства широка примена имаа: сликовници, фотографии, постери, тематски илустрации и др.

Во врска со аудитивните средства, овие средства придонесуваат со помош на сетилата за слух да ја осознаат објективната стварност, да ги доживуваат музичките звуци и да се обезбедува аудитивна ориентација и комуникација во животот.Тука

спаѓаат пред се разновидни снимки со репродуктивен карактер како што се: шумови, тонови, звуци, звучни природни тонови, гласови, говор, драматизација, музичко пеење на птици и слично. Со помош на снимените акустични појави на природата децата подобро ја запознаваат природната средина преку касетофон.

Аудио визуелните средства ги обединуваат сликите, зборовите, движењата и влијаат истовремено на развојот на перцепциите за вид и слух со што се придонесува за многустрано остварување на програмата во воспитно-образовната работа.

Средствата за изразување, како што се: музичките ударни инструменти (дајре, барабанче, чинели, прапорци,ксилофон) ги стимулираат децата и со нивна помош се изведуваат разновидни ритмички и моторни активности.

д**) Стручна литература** - списанија за деца(степен на снабденост и нивна искористеност).

Што се однесува до стручната литература може да се каже дека располагаме во доволна мера за реализација на програмските содржини на воспитно-образовната работа.За таа цел голема примена имаат прирачниците"Детството и играта" и "Тематското планирање со практично искуство". Исто така располагаме со драмски текстови, раскази, приказни, песни, бајки и др.

Од списанијата располагаме со: Просветно дело, Просветен работник, Семејство, Воспитни крстопати, кои во многу придонесуваат за осовременување на персоналот.

Од детските списанија ги добиваме Росица . Ова списание е од стручно едукативен карактер и целосно е искористено. Содржините што се застапени се актуелни и колористично изразени во корелација со наставната програма со што се создава можност за нивна самокритичност и самодоверба.

**ѓ )**Во матичен објект и во објект клон Цветотви е реализирано **внатрешно и надворешнореновирањеиуредување**.

Во матичен објект еизвршенакорекцијаназиднитеиподнитеповршини.Направенаеипроменанасветлоснитеуреди, душеците,постелнината,променети се теписоните и реновирани подовите исто така се ставени и нови завеси.Во матичен објект е направено боење на фасадата со разни бои, промена на сите прозорци во цела градинка,ставени се нови полоцки во ходниците , монирани се нови шкафови за чување на персоналните работи од децата што престојуват во градинка.

Со донативни средства во градинка во матичен објект е сосдадена и „Сензорна соба“ за децата со посебни потреби.

Во матичен објект е реновиран и опремен со мебел и игрчки за децата дежурната соба исто така е реновирана со нова работна маса и столици канцеларијата на директорот и во административната канцеларија е монтирана нова комода за систематизација на досиата, архивата и целокупната документација на градинката.

Набавенаеноваограда,поставенаеноваvлезнавратаидвевнатрешнипомошниврати.Променетисе ситестолчињапозанимални,реконструиранисеситемасичкиvотрпезарија,целоснореновирањен аWCперсоналот.Средувањенатараситесоновбетоницелоснофарбањенацелатажелезнаконструк ција.Поставенепесокvонадворешнитеигралниереконструкцијанадрвенитепоставкинивнофарб ање.Поставенисеиновинишалки.Поставенисеновиплочкинавлезипоставувањенажардињерисо цвеќиња.Варосаниситепросториизадецаипоставенитапетивоходник.

Во новиот објецт клон „Далендушет“ сетавениновитеписонииcебоениситеѕидови,ставенитапетиистотакацртенисеѕидовитесоразни фигуризапоинтересенизглед,содоброволнацелодвработенитесебоенибетонскитедворниплочк исоразнибои ,нацртенисецртежисобројкиибуквисоинтереснифигуризадецата .Уредувањетоиукрасувањетонадворовитеодситетриобјектисенаправенипаралелноодстранана персоналотиодстрананародителитештоностадецавоградинкаиститака.

Во клонЦветовицелосноереконструиранкровотистотакасеставиледвеновивлезнивратиипроменинавратитеипрозорцитевотоалетите,реновираниподови,променетисетеписоните.Опременаецелатагрупанајаслисодушеци ,постелнини,нагледнисредства.
Двornатаповршинаеуредена, иотстранетисенепотребнитедрва.
Направеноесообраќајнообележувањенапешачкипреминпредсаматаградинка.Обезбеден е нов паркинг за секојдневно нормално функционирање.
Истотакасеобновииобогатикујнскиотинвентар.Се набавија нови лончиња , тањири и лажици. Од донација се обезбедине и прочистуваи на воздух во сите занимални.
По повод Нова година, градоначалникот на Општина Кичево обезбеди 200 пакетчиња за сите деца што ја посетуваа градинката.

## 4.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ЈАСЛИЧНИТЕ ГРУПИ, И ГРАДИНКАТА

### а) Организација на животот и работата во детските јасли

Во јаслите се опфатени деца од 9 месеци до 2 години. Како најмала возраст на децата им се овозможуваше услови за правилен развој, едукативна средина, едукативен престој за игра стручен избран едукативен материјал за игра, адекватна исхрана, здравствена заштита и хигиена.

Основна задача на воспитно-згрижувачката дејност е да ги зачува, потикне, насочи, развие и облагороди спонтаните активности на детето почитуваќи ја неговата индивидуалност.

Во нашата установа функционираше една комбинирана група и тоа од 8-24 месеци.

-Уредување на просторот е многу важен сегмент и е од големо значење за развојот на децата. Тоа се чини и понатаму согласно Нормативот. Оваа возраст на деца е специфична и се вршат голем број активности во просторот преку: влечење, лазање, провлекување, лизгање и др. Детето врши разни манипулации во просторот и се овозможува максимална слобода во просторот. За таа цел уредувањето во просторот е многу важна компонента како и средувањето на надворешниот простор (хортикултурата и терасите) каде дечињата излегуваат на чист воздух.

-Прием на децата во јасли се врши само на здрави деца со комплетна документација. Приемот на дечињата на утро го врши медицинската сестра а воедно обавува и кратки разговори за здравствената положба на децата а со тоа доаѓа до сознани за здравствената состојба на децата.

Распоредот на активностите во текот на денот е следниот:

-Прием на децата.................................................од 6,00 до 8,30 часот
-менување на пелени................................................ 7,00 - 8,00 "
-утрински активности.................................................8,00 - 8,15 "
-појадок.....................................................................8,15 - 8,45 "
-игри со децата......................................................... 8,45 - 9,15 "
-прва ужина............................................................. 9,15 - 9,30 "
-игри на воздух..........................................................9,30 - 10,00 "
-проверка на пелени..................................................10,00 - 10,30 "
-припрема за ручек....................................................10,30 - 11,00 "
-ручек........................................................................11,00 - 11,30 "
-припрема за одмор и спиење....................................11,30 - 13,30 "
-менување на облека..................................................13,30 - 14,00 "
-втора ужина..............................................................14,00 - 14,30 "
-игри и испраќање дома............................................14,30 - 17,00 "

При самиот прием наутро кај малите деца се создава пријатна атмосфера а тоа е одраз на вработените во детските јасли. Просторијата каде се сместени малите деца е чиста, проветрена а тоа се прави секојдневно од страна на негователката и од надлежните за одржување на хигиената. Детскиот сон мора да биде мирен и длабок и будењето се врши постепено.

Воспитните активности на оваа возраст се реализираат преку разновидни функционални-дидактички игри, конструктивни, подвижни со кои се овозможува развивање на движењето, говорот и слично.

Слободните игри и престојот на воздух завземаат поголем дел во текот на денот а со тоа се придонесува зачувување на детското здравје како и обезбедување на попријатен престој.

Што се однесува до хигиената во просторот каде престојуваат овие мали деца секојдневно се врши чистење и дезинфекција на намештајот,играчките, нокширите и сл.

б) **Организација на животот и работата во детската градинка**

Во извештајниов период, организацијата на животот и работата во градинката се одвиваше во главно во организирање на активности поврзани со секојдневниот живот и животните потреби, како и во процесот на игрите, работните активности и учењето. Со организирање на овие активности на децата им се овозможија полесна адаптација во средината, стекнување на поголема самодоверба и сигурност. Се избираа содржини што ќе допринесат за целосен развој на предучилишните деца.

Воспитно образовната дејност во градинката ја опфаќаше целокупната работа со децата во текот на данот. За секој работен ден се изготвуваше ориентационен распоред на активности и тоа започнувајќи од 6,00 часот па се до нивното испраќање до 17,00 часот.

- Уредувањето на просторот беше секојдневна работа на одговорните за што порационално искористување на внатрешниот и надворешниот простор. Добро срedeниот простор создава пријатна атмосвера а со тоа непречено одвивање на дејноста.

- Формирање на групите се прави во почетокот на учебната година и тоа по возраст како што следи:
- 2 - 3 год...................................................12 - 15 деца
- 3 - 4 год...................................................15 - 18 деца
- 4 - 5 год...................................................18 - 20 деца
- 5 - 6 год...................................................20 - 25 деца
- 6 односно од поаѓање во училиште - 10 год...........20 - 30 деца

Со ваквиот начин на организирање на животот на воспитно-образовната дејност, овие организации од ваков вид се приближуваа до природните услови на живот на детето и полесно вклопување со врсниците со помали и поголеми другарчиња.

-Приемот на децата се вршеше секојдневно, почнувајќи од 6,00 часот, а тоа го вршеше медицинската сестра која веднаш ги носеше дечињата во групите каде припаѓаат. Прифаќањето на децата е важна компонента затоа што децата доаѓаат од разни средини. Детето доаѓа со различно социјално искуство и истото доаѓа во една организирана средина каде сите активности се предвидени и организирани.

Воспитно образовната дејност во изминатиов период се одвиваше низ разновидни воспитно-образовни активности. Тоа се организираше низ три форми на работа и тоа:

1. Слободни активности - како форма на посебно воспитно влијание.

2. Насочени активности - како форма на непосредно влијание, раководење, насочување и следење на детскиот развој.
3. Животни активности - како форма на задоволување на детските потреби од храна, одмор, одржување на хигиената и сл.

## 5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

### Годишна програма за работа на детската градинка

Програмата е концептирана според Законот за предучилишно воспитание и образование, Законот за заштита на децата како и Уставните определби и право и обврска на ЈОУ-Детска градинка да ја програмира работата.

Годишната програма е основен документ каде се конкретизирани основните цели и задачи на предучилишната установа, постапките, начините, средствата кои овозможуваат постигнување оптимални резултати во воспитно-образовниот процес како и следење и вреднување на постигнатите резултати.

ЈОУ-Детска градинка "Олга Мицеска"за својата работа секоја година изготвува програма за работа во која се опфатени сите активности. Во изминатиов извештаен период предвидените активности се реализирани.

Со годишната програма се предвидуваат активности што придонесуваат за остварување на општата цел на единствениот воспитно-образовен систем во нашата држава, а тоа е формирање на слободна, творечка и сестрано развиена личност.

Воспитно-образовната работа во изминатат учебна 2018/2019година се реализираше посебно во секоја воспитна група.

### а) Карактеристиките на реализираната воспитна работа во детските јасли

Јаслите како облик на згрижување во изминатиов период функционираше како една група каде беа опфатени деца од 9 месеци до 2 години. Во оваа група беа опфатени деца на различна возраст и за истите се грижеа педагошко медицински сестри, кои имаа изготвено дневен распоред на активности со кои се овозможува воспитување на одреден ритам на детските активности и правилно организирање на воспитно-образовната методологија.

Воспитно-образовната методологија им нуди на негователките да создаваат средина која е сигурна, здрава, која стимулира, да работат со семејствата и со други професионалци. Таа средина е динамична, постојано се менува, во која децата стекнуваат искуства кои одговараат на нивниот развоен живот. За таа цел индивидуалноста бара од воспитно-згрижувачкиот персонал да создава активности кои ќе направат секое дете да се чувствува успешно. Играта е срцето на добро воспитно-образовната методологија за предучилишни деца и таа е важен дел од животот на децата. За таа цел во просторот каде престојуваат децата треба да им се нудат постојани можности за слободна игра. Играта се одвива на разни начини: кога детето игра само со играчките, асоцијативна игра со друго дете, активно-драмска игра со реквизити.

Воспитно-образовниот тим беше секогаш подготвен да ја прошири и збогати играта а со тоа да се потикнуваат децата да размислуваат. Воспитно-образовната методологија за децата од јаслена и двегодишна возраст им нуди на негователките практични совети за тоа како да го подржат емотивниот, социјалниот, развојот на говорот и психофизичкиот развој на децата.

**б) Стручна оценка за степенот на реализација (задоволителни резултати, пројавени слабости, особени резултати и сл.) во учебната 2018/2019година на подрачјата:**

-Културно-хигиенски навики
-Работно-воспитни навики
-ЗПОС
-Култура на говорот
-Воведување во математиката
-Ликовно воспитание
-Музичко воспитание
-Физичко-здравствено воспитание

Со годишната програма разработени се задачите и содржините од сите погоренаведени подрачја. Програмата се претставуваше по годишните планови за работа по воспитните групи, а воспитувачите при изготвувањето на своите годишни и месечни планови ги почитуваа возраста и индивидуалните можности на децата во воспитната група, како и условите и можностите во градинката.

Планирањето беше тематско, но тоа не значи дека со тематското планирање се овозможува сосема поинаков пристап кон воспитно-образовната работа. Во тематското планирање на преден план се детските интереси при што детето е ставено во центарот на воспитно-образовниот процес.Со вакво планирање нема строги граници помеѓу воспитно-образовните подрачја. Со ова планирање не само што се дава можност за индивидуален пристап кон секое дете туку и полесно ги согледуваме детските интереси и желби.

Во учебната 2019/2020година реализирани се следните теми во големите групи и тоа:

1. Нашата градинка
2. Есенски приказни
3. Моето семејство( моето тело и моите чувства)
4. Зимски волшебства
5. Зимски волшебства ( народни обичаи и прослави)
6. Животинско царство
7. Цветна пролет
8. Екологија
9. Ние патуваме
10. Летни лудории

Во малата и средната група се реализирани следните теми:

1. Јас во градинка
2. Есен
3. Мојот дом, моето семејство
4. Во светот н сетилата
5. Зима, зима е па што
6. Ги сакаме животните
7. Дојде пролет
8. Ние патуваме, сообраќај

Со реализација на темата "Јас во градинка" се овозможува полесна адаптација а особено оние деца кои прв пат влегуваат во неа, така што се овозможува запознавање цо просториите , персоналот, другарчињата и сите помошни простории.Се реализираат игри од забавен карактер, подвижни, драматизации, и др.

Со оваа тема се овозможува кај децата да се развие способност за комуникација, како со другарчињата исто така и со возрасните со цел за полесна адаптација и прилагодување на условите кои ги нуди градинката.

Со темата "Есен" децата на достапен начин ќе бидат учесници на стварноста на она што се случува во природата. Се организира пречек на есента во дворното место на установата со песни и драмски текстови. Се организира посета на зелен пазар и пиљара со што децата би се запознале со плодовите на есента од нашето поднебје.Со реализација на оваа тема децата се запознаваат со метеролошките појави како што се дожд, слана и сл. Овде се развиваат чувствата кон природата и убавините, богатството и кон своето семејство кое ја преобразува истата.

Со реализација на темата "Мојот дом,моето семејство" децата се запознаваат со местото каде живеат, просториите и нивната функција, со членовите на потесното и поширокото семејство. Се развива љубов кон семејството, преку раскази, драматизации и семејно дрво.Децата го запознаваат своето тело своите чувства и однесувањето по поширокото опкружување.Целосно спроведување на секоја тема се реализира заеднички со воспитувачите и негователите преку игра ,нагледни средства и анимации.

Со наближувањето на годишното време зима се влегува во реализација на темата "Зима". Се обработија стихотворбата"Зима", приказната"Ветерот Северко", расказот "Децата и снешко"´ драматизација на текстот "Во пресрет на Нова година". Преку сите овие содржини кај децата се збогати речникот, се развиваше фантазијата, помнењето, мислењето и др. Се организираше прошетка по снег и снежни игри во дворот.

За празникот Нова година се организираше приредба со цел пречекот на Дедо Мраз да биде посвечено одбележан. Исто така децата беа запознати со националните обичаи: коледе, божиќ, василица.

Со оваа тема цел беше децата да се запознаат со домашните животни, дивите и животните во Золошката градина. Притоа беа користени сликовниците: "Козата Белака", Волкот и седумте јарињa", Волкот и лисицата", "Плавото зајаче", "Трите прасиња", "Марика во золошката градина" и др.

Целта на оваа тема беше децата да се запознаат со овие животни, да ги препознаваат и да ги именуваат.Со цел запознавање на животникте преку игра се организираше претстава со наслов„ Чудесна шума“ организирана од нашата градинка заедно со групата ТРИАНГЛ од Скопје.

Доаѓањето на пролета се одбележа на свечен начин со стихотворби, песнички, драмички, со тоа и започна реализација на темата " Цветна пролет". Направени се повеќе прошетки во природата со цел оваа тема да им биде поблиска на децата.ПО повод денот на пролета се организираше разубавување на дворот садење цвеќиња.Екологијата е запознавање и грижа за нашата околина и за таа цел се организира активности повзани со таа тема.Децата заедно со воспитачите и негователите го средуваа дворот .

Во темата Ние патуваме" се изведоа прошетки каде децата се запознаа со улицата, пешачкиот премин, раскрсница, семафор, паркиралиште и сл. Со тоа кај децата се развива чувство за правилно однесување кон истите а исто така да се здобијат со сообраќајна култура.

Со темата: "Летни лудории" ја завршивме учебната година, односно децата беа запознати со годишното време лето кое е едно од нивните најсакани годишни времиња.

Во текот на целата година децата преку разни активности се запознаваа со поими од светот на математиката. Целта на оваа тема беше децата да се запознаат со поими како што се: поим за парови, споредување на големини, споредување на објекти и предмети, да манипулираат со броевите до десет, со мерките за мерење на должина,

тежина, каки и со монетите како платежно средство и со часовникот кој го мери времето.

Од педагошката и психолошката наука е познато и признато примарната улога на семејството како прв учител и воспитувач. За таа цел и родителите беа вклучени во сите аспекти на воспитно образовниот процес во предучилишната установа.СеорганизирасеминарзародителиеродителствовопокровителствонаУНИЦЕФ , исеорганизирааработилници (новогодишни ,пролетни,ВелигденскиизаБајрам).

Во сите воспитни групи и низ сите воспитно-образовни теми, содржини и активности децата се стекнуваат со: културно-хигиенски навики што е многу битно за нивното здравје, правилна примена на хигиенските средства-лична хигиена како и стекнување на културни навики во однос на активностите по катчиња како и при конзумирање на исхраната.

-Работното воспитание во секоја воспитна група се реализираше низ програмски задачи и теми. Содржините кои беа разработени допринесуваа за развој кај децата, смисла за земање, распоредување, собирање, одредување на играчките, извршување на наједноставни задачи како на пример воведување на дежурство во трпезаријата, занималната и слично.

Низ сите овие обработени теми децата се стекнуваа со знаења од областа на ЗПОС. Посебно добро се реализираа задачите негување на ведро расположение особено при прослава на празниците. Децата се воведуваа во откривање на најкарактеристичните појави и промени во природата за да ги осознаат и доживуваат нивните убавини.

Во сите воспитни групи се реализираа содржини од областа на литературата за деца(сказни, стиховорби, уметнички прозни текстови, драмски текстови и др.). Низ сите овие програмски содржини децата се збогатуваа со нови зборови што означуваат својство на доживување, појави, се буди интерес за сликовниците, како и љубов кон литературниот говор, литературни списанија и слично. Во рамките на обележувањето на Детската недела се посети нашата градска библиотека и од страна на директорот им беше поклонето по една сликовница за секое дете од нашата градинка.

-Воведувањето во математиката на децата застапено е во сите катчиња во занималните и низ сите програмски задачи и содржини. Децата се запознаа преку игра со сите геометриски фигури и знаат истите да ги именуваат и класифицираат. Се запознаа со броевите до 10 како и препознавање на цифрите. Работните листови што се користеа во големите групи за воведување на светот на математиката беа добри за индивидуална работа и оспособување на децата за самостојна работа.

-Ликовното воспитание најголем дел од програмските задачи во сите воспитни групи добро се реализира од областа на ова воспитание. Додека пак најдобро се реализираа задачите од областа на моделирањето, сликањето и цртањето. Преку овие содржини детето се развива во сестрано развиена личност.

-Физичкото воспитание се реализира во сите воспитни групи. Особено се остваруваа задачите и содржините кои се однесуваа на развивањето на мускулатурата, формирање на правилно држење на телото и на развојот на моторичните способности.

-Музичкото воспитание се реализираше во сите воспитни групи каде поголемо внимание се посвети на правилното дишење при пеењето и јасно изговарање на зборовите. Поради потребата за заедничко мултикултурно живеење се организираше концертна претстава од страна на група Триангл.

Оваа учебна година 2019/2020 за разлика од другите учебни години од 11 март 2020 година кога се прогласи вонредна состојба од страна на Влада на РСМ заради пандемијата од вирусот COVID-19,воспитувачкитенаставатагидржелеонлинеисеобиделедоодреденстепендајареализираатпредвиденатапрограма.

## 6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА КАДАРОТ

### а) Индивидуално стручно усовршување

На полето на индивидуално стручно усовршување за оваа учебна година беа одржани семинари од страна на надлежните институции на теми:"Улогата на воспитувачите од градинката во изградувањето на личноста на децата", "Мојот портрет за музејот", "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем", "Примена на стандарди во унапредување на раниот детски развој".

Сите овие стручни усовршувања на персоналот, ќе бидат пренесени на децата за создавање на генерации со високо ниво на свест преку разновидни игровни активности и секојдневна примена на најголемите животни и морални вредности во етичкото воспитание на децата од предучилишна возраст.

### б) Форми на стручно усовршување во установата

Се спроведуваа сите основни компоненти на програмата преку соодветни содржини кои одговараат на развојот на детето, вклучување на семејството и родителите, почитување на индивидуалните афинитети на децата и можност истите да прават избор на активности во занималната.

За следење на воспитно-образовната работа и реализирање на програмските содржини во оваа учебна година беа реализирани следниве форми и активноси: фронтална, групна и индивидуална форма на работа со децата.

Со децата беа организирани посети на некои стопански објекти, посета на општествени објекти, како на пример посета на пекара-производство на леб и бели пецива, библиотеката во градот, музејот, зоолошка градина, од областа на сообраќајот вршени се набљудувања на сообраќајните знаци, семафор, пешачки премин, раскрсница и друго.

Програмските задачи и содржини посебно се остваруваат од областа на математиката, така што децата се запознаваат со геомертиските фигури, со природните броеви, со логички плочки а со тоа се оспособуваат за самостојна работа и при тоа се навикнуваат на прецизност, упорност и истрајност во работата.

Работните листови кои беа користени во големите групи допринесоа за индивидуална работа со тоа што воспитувачите повеќе да бидат креативци а работата на децата повеќе да се почитува за да може да владее интересот и способноста на детето во групата. Од реализираните форми и активности произлегуваат задачите и активностите кои се во функција на унапредување на воспитно-образовната работа.

### в) Учество на форми на стручно усовршување на кадарот во установата

И оваа учебна година на полето на сртучното усовршување на персоналот му се даваше поголемо значење. Како форма на стручно усовршување пред се се одржаните состаноци на ниво на стручните совети под раководство на директорот. На истите состаноци вршена е анализа за воспитаната работа по групи секој месец, следење на стручна и педагошка литература, следење на детски списанија, изготвување на месечни и дневни планирања, а воедно и разбивање на темите по воспитни групи.

Исто така како форма на стручно усовршување е разгледување на некои суштински прашања од областа на воспитно-образовната работа како на пример водење на педагошката евиденција и документација.

### г) Полагање лиценци

Воспитно згрижувачкиот кадар во детската градинка како и стручните соработници успешно ги положија лиценците за стручен работник, воспитувач и неговотел што е законска обврска по новиот закон за детска заштита.

## 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВАНАТА ЗАШТИТА

Здравствената заштита се состоеше во одржување на хигиената на просториите, опремата, садовите, постелината и на се она што може да преставува опасност по здравјето на децата.

Се вршеше редовна дезинфекција, дератизација, дезинсекција од страна на надлежната служба во општината со цел да недојде до несакани ефекти. Исто така од страна на епидемиолошката служба во нашата општина како и медицинската сестра во установата беше позасилена контролата а воедно беа превземени поголеми превентивни мерки во однос на целосната хигиена.

Редовно бевме посетувани од здравствени работници (санитарни инспектори и инспектор за здрава ихрана).

Медицинската сестра редовно ја контролира и советодавно делува во индивидуалните средби со родителите.

Имавме надворешна соработка со специјалисти стоматолози кои извршија лекарски прегледи на запчињата на децата. Посета од ортопед и скенер за рано откривање на сите деформитети кај дечињата со препорака за понатамошни испитувања или вежби.

## 8. КУЛТУРНАТА ДЕЈНОСТ ВО УСТАНОВАТА

**а) Видови на соработка со родителите**

Јавната и културната дејност во изминатиов период се спроведуваше низ разни форми. Како позначајна форма е соработката со родителите, проследена низ разни облици на соработка. Како на пр: соработка во изработка на програмските содржини, изработка на разни предмети од природен материјал по проект " Прегратка на дар", украсување на установата и друго.

Интересот од страна на родителите беше различен но сепак може да се каже дека таа соработка беше на задоволително ниво. Родителите секојдневно беа запознавани со животот на нивните деца во градинката. Одржани се посебно родителски средби по групите.

Соработка има со сите основни училишта кои се во нашиот град

-Соработката со другите градинки исто така беше на ниво.

-Соработката на градинката со стручни и научни институции беше во рамките на можностите, почеста со Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието и сл. Локално соработуваме со музејот на западна Македонија, домот на културата, градската библиотека и сл.

-Јавни манифестации имавме и оваа година, прослави, приредби како што се: "Патрониот празник",„Детска недела“ "Нова година и дочек на Дедо Мраз", "8-ми Март", "1-ви Април"и завршна приредба „Растеме заедно“ како и прослави на религиозните празници: Коледе, Василица ,Божиќ,Велигден и Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам. Се одржаа повеќе активниости по повод детската недела.

## 9. СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

Згрижувањето на децата во градинката имаше за цел децата градинката да ја доживееат како средина каде сите деца имаат еднакви можности да се вклучат во

животот и работата без оглед на половата, националната и културната припадноста а со тоа се оствари социјалната цел.

Се развиваа способностите за адаптација во нова средина, интерперсоналните односи помеѓу единките и комуникациските вештини. Се развива свест за припадност и однос кон групата како и развивање на социјалната интелигенција. Децата развиваа норми и обичаи во различни средини и ситуации со што детето се воведува во универзални човекови вредности и етички принципи.

Проектни активности се: згрижување на деца во средина која им овозможува играње, учење, заедничко живеење, дружење-без оглед на националната припадност, вклучува и обука на нивните родители од најразлични информативни и едукативни теми.

Воовааучебнагодинабеапредвидениаистовременоиреализиранаследнитепроекти:

-хуманитарноедукативенпроект ,,Оддетезадете,,

Овојпроектгиучидецатауштеоднајмалавозрастзахуманост и грижа за сите.

Серазвивашељубов,чувствонапатриотизам,почитување,грижаиодговорностконсвојатататкови на,конроднотоместонаживеење.

-Одгледувањеиконсумирањеназдравахрана-градиниводетскитеградинки.

Прекуовојпроектсеобезбедувапостојаноподобрување,развивањеназнаењатаиподигањенасвест азазначењетоназдраватаиправилнатаисхрана.

-Потчитувањенаразличноститеимултикултурализам.

Гипоттикнувадецатадасезапознаатсоразличноститепобилокојаосноваинивдагипочитуваат.Ка коизапознавањесообележјатанасопственатаидругитекултуривоРепубликаМакедонија.

## 10.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА, ДИРЕКТОРОТ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

### 1.Работата на директорот во детската градинка

Работата на директорот во извештајниов период се состоеше во реализација на активностите предвидени со годишната програма.

Од почетокот на учебната година активностите на директорот беа насочени кон обезбедување на услови за работа, за реализација на основната дејност, давање на стручна помош на стручните работници, на воспитно-згроижувачкиот персонал како и на целокупниот работен потенцијал во установата со единствена задача за поуспешна реализација на годишната програма.

Директорот максимално се залагаше во реализацијата на програмските определби како и зацртаните задачи и содржини, а тоа допринесе постигнување на максимални резултати како на полето на воспитно-образовната дејност така и во целокупното работење на дејноста. Целта на директорот беше успешно да функционира градинката а со тоа да се афирмира во локалната заедница.Со афирмацијата на градинката кај бизнис заедницата успешно се спроведоа разни проекти и се обезбедија донации за нормално функционирање на градинката.

Како одговорен, редовно ги одржуваше сите сртучни состаноци со сите активи на кои претежно се дискутираше за активности непосредно поврзани со целокупната работа на ЈОУД-Детска градинка "Олга Мицеска" Кичево.

### 2.Работата на педагогот

Работата на предучилишниот педагог е насочена во решавање на конкретни воспитно-образовни задачи.

Педагогот има изготвено годишна програма за работа и врз база на таа програма ги реализира своите активности по месеци.

Врши упис на децата во градинката и исто така ги формира воспитните групи по возрасти и по работни единици. Зема учество во подготвувањето на програмата за работа за тековната година. Заедно со директорот вршат распоред на воспитно-згрижувачкиот персонал по групи, врши распоред на потребниот материјал за работа, дидактиката и друга опрема. Ја насочува педагошката и детската литература. Ги организира родителските средби. Постојано ја координира работата за поуспешна реализација на програмата.

Главна задача на педагогот беше да ги потикнува и следи остварувањата на програмаките задачи.

**3.Совет на педагошко-медицински сестри**

Овој совет работеше на остварување на целите и задачите врз основа на претходно изготвена програма за учебната 2018/2019 година. Овој актив работи во состав на медицинската сестра и згрижувачкиот персонал. Во текот на оваа година одржани се повеќе состаноци, еднаш месечно а по потреба и почесто на кои претежно се дискутираше за згрижувачката и здравствената заштита на децата, хигиенско-здравствените услови во установата, личната хигиена на децата, како и за правилната исхрана на децата.

**4.Совет на воспитувачи**

Стручниот совет на воспитувачи оваа учебна година работеше на остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието, унапредување на целите и задачите на воспитно-образовната како и педагошката работа. Советот на воспитувачи работеше врз претходно подготвена програма по месеци. Секој месец редовно се одржуваа тие состаноци а по потреба и почесто. На тие состаноци воспитниот тим разгледуваше прашања од областа на програмата, избор на теми и нивна реализација. Исто така на тие состаноци се договаравме за некои суштински прашања од областа на воспитно-образовната работа во однос на посети на општествени институции, културни установи, прошетки и излети до блиската околина и друго. Исто така се стави акцент и на водењето на педагошката евиденција и документација.

## 11. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО ОДРЖУВАЊЕ

Средствата за финансирање за заштита на децата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, наплата на услуги на корисниците и други извори согласно со закон.

Со овие средства се финансираа:

-правата за заштита на децата;

-дејноста на јавната установа;

-одржување и опремување на објектите;

-програмски активности во одредени облици за унапредување и развој на дејноста;

-услугите

-донации.

Со средствата за финансирање на заштита на децата управува и располага Министерството и Установата .

Средствата од Буџетот на Република Македонија и од корисниците се обезбедуваа врз основа на Програмата за развој на дејноста за заштита на децата каде е утврден видот, обемот, содржината и квалитетот на услугата, а се трошат строго наменски по претходно изготвен финансиски план.

За спроведување на оваа се грижи директорот и службите од оваа област.

Материјалните трошоци предвидени по финансиски план се трошат наменски.

Врз основа на Законот за јавни набавки се приготви План за јавни набавки и во целост ќе се примени.

За спроведување на јавните набавки се грижи Комисија за јавни набавки во соработка со сите лица кои се стручни и компетентни.

Со оглед на тоа дека овие средства најповеќе се трошат за потребите на децата во установата строго се води сметка за квалитетот.

Планот за јавните набавки во зависност од потребите на установата може да се менува и проширува согласно закон.

За подобрување на условите во градинката ова година обезбедивме донации од Општина Кичево,АД Електрани на Северна Македонија-ПодраЧје Рек-Осломеј и Синдикат на РЕК-Осломеј, Универзал-FIX,НЛБТутунскаБанка,ЕлектранинаСевернаМакедонија-ЕЛЕМ,ПрофесорСретенМиладиноскииДокторкаАлександраАврамоскаистотакаидонацијатазасензорнатасобаодГ-динШекиИбишиодСкопје.

Август, 2020 година JОУ-ДЕТСКА ГРАДИНКА
К и ч е в о "ОЛГА МИЦЕСКА"КИЧЕВО
Директор,

______________________________

Садик Ахмети